**Уп. бр. 08-70/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СВАП Холдингс доо Белград (Врачар), со седиште на ул. Војислава Илиќа бр. 8, 4 кат, стан бр. 12, Белград (Врачар), Србија доставено преку, Адвокат Филип Зафировски од Скопје, на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која  СВАП Холдингс доо Белград (Врачар), со седиште на ул. Војислава Илиќа бр. 8, 4 кат, стан бр. 12, Белград (Врачар), Србија, има  намера да стекне единствената контрола над УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНАЦ) Цара Ираклија број 20, Белград, Србија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 08.04.2026, година а дополнето на ден 14.04.2026 година, 16.04.2026 година, 30.04.2026 година и 29.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на СВАП Холдингс доо Белград (Врачар), со седиште на ул. Војислава Илиќа бр. 8, 4 кат, стан бр. 12, Белград (Врачар), Србија,со која СВАП Холдингс доо Белград има  намера да стекне единствената контрола над УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНАЦ) Цара Ираклија број 20, Белград, Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

СВАП Холдингс доо Белград е трговско друштво кое во моментов не врши никаква деловна активност, основано на 29 декември 2025 година.

СВАП Холдингс доо Белград нема поврзани друштва, претставништва или подружници, ниту остварува приход во Република Северна Македонија.

СВАП Холдингс доо Белград (Врачар) има намера да стекне 100% удел во трговското друштво УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНАЦ)и на тој начин да стекне исклучива контрола над групата трговски друштва („Умбрелла Група“) која ја сочинуваат:

1. УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД,
2. АМБРЕЛА КОРПОРАЦИЈА ДОО Скопје, трговско друштво кое е основано и работи согласно прописите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса ул. 50-та дивизија бр. 24, Скопје, со регистрирана дејност: 47.120 – Друга неспецијализирана трговија на мало .
3. УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН БХ ДОО, трговско друштво кое е основано и работи согласно прописите на Босна и Херцеговина, со регистрирано седиште на адреса Стефана Немање бр. 17, Лукавица, Источно Ново Сараево, Република Српска, Босна и Херцеговина, и
4. УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЦГ ДОО Подгорица, трговско друштво кое е основано и работи согласно прописите на Црна Гора, со регистрирано седиште на адреса Канцеларија на сметководствената агенција „Перфецтум“ (*Perfectum*), Бранка Делетиќа бб, ламела Н, Подгорица, Црна Гора.

Умбрелла Група се занимава со увоз, извоз, малопродажба и големопродажба на запалки, наргилиња и алтернативни тутунски производи, односно производи од новата генерација: еднократни и повеќекратни електронски цигари, течности за полнење на електронски цигари, ароми за наргиле и никотински вреќички, на територијата на Република Србија, Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија, како и со производство, односно доработка на течности за полнење на електронски цигари на територијата на Република Србија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**